- фонтана
- хидрант
- столб од телекомуникациска мрежа
- канделабра
- бетонски столб од електрична мрежа
- дрвен столб од електрична мрежа
- трафостаница
- сливник
- ормар
- чешма

- објект во изградба
- постоечки станбен објект
- постоечки помошен објект
- новоизграден станбен објект
- новоизграден помошен објект
- урушен објект
- настрешница
- трафостаница
- 22 / 385.13 апсолутни надморски височини
- 2535/6 број на катастарска парцела
- геодетска точка

фаза У

BIP URBAN

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8- ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)/0,8кВ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП

ТЕХ. БР. 0801-315/24 М 1:1000

3 ЛИСТ БР.

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0467

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ИНВЕСТИТОР: БИСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ЛОКАЦИЈА: ОПШТИНА ШТИП 11.2024

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8- ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)0.8КВ НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ ОПШТИНА ШТИП



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,013ха

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ		површина на плански опфат	процент
	шифра	м2	%
Н3 - Неизградено земјиште	Н3	130 м2	100.00%
Вкупно		130 м2	100.00%

У ФАЗА BIM URBAN

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8- ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)/0,8кВ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП

ЛИСТ БР. 4

ТЕХ. БР. 0801-315/24 М 1:1000

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0467

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ИНВЕСТИТОР: БИСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ЛОКАЦИЈА: ОПШТИНА ШТИП 11.2024

ПЛАНСКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.Текстуален дел

1.1 Проектна програма

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип

Предмет:	Проектна програма
Проект:	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
Намена:	Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (*фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште)*
Локација:	на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип
Проектен опфат:	42870,36 м² или 4,29 ха
Моќност:	до 5 мега ват

Согласно член 62, став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20), пред изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се спроведува постапка за изработка, односно одобрување на Проектна програма. Согласно тоа изработена е Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип.

Солгасно член 60, точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22) во рамки на Урбанистичкиот проект се приложува Проектна програма. Проектната програма е документ со кој донесувачот на планот ги дефинира описот на проектниот опфат, проектните барања за градбите во рамки на проектниот опфат и проектните барања за инфраструктура. Истата треба да овозможи изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, а со што ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите во рамките на дефинираниот урбанистичко-проектен опфат.

Проектната програма се изработува со цел да се овозможи изработка на:

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип

- **Опис на проектниот опфат**

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип опфаќа дел од катастарска парцела КП 566/1, КО Долани, Општина Штип и зафаќа површина од 42870,36 м² или 4,29 ха.

Предметниот проектен опфат зафаќа дел од катастарска парцела:

КП 566/1, КО Долани, Општина Штип

Предмет на изработка ќе биде оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформената градежна парцела, со тоа што на дел од катастарска парцела КП 566/1, КО Долани, Општина Штип, се формира градежна парцела ГП 1 која изнесува 42870,36 м² или 4,29 ха.

Предмет на планирање е површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 5 мега ват.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип, треба да се изработи врз база на Услови за планирање на просторот изработени од Агенција за планирање на просторот со технички број У11223 од март 2023г. и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина со број УП1-15-489/2023 од 14.03.2023г.

Пристапот до локацијата за моторни возила се планира преку пат на КП 1572/1, КО Долани, Општина Штип.

Границата на ***предметниот опфат*** **(воедно и формирана градежна парцела)** е со следниве координати:

N	X	Y
1	4617146,56	7598952,38
2	4617186,12	7599076,47
3	4617285,86	7599389,34
4	4617309,49	7599463,45
5	4617248,674	7599463,45
6	4617245,214	7599457,592
7	4617245,16	7599457,532
8	4617236,021	7599447,06
9	4617233,901	7599444,765
10	4617216,667	7599427,128
11	4617214,57	7599424,843
12	4617209,459	7599418,919
13	4617202,398	7599395,663
14	4617206,1	7599367,74
15	4617206,391	7599362,002
16	4617205,902	7599345,812

17	4617205,946	7599341,703
18	4617206,828	7599324,761
19	4617200,654	7599310,481
20	4617200,025	7599309,974
21	4617186,667	7599299,188
22	4617185,405	7599298,199
23	4617174,539	7599289,932
24	4617163,537	7599264,56
25	4617165,316	7599239,121
26	4617164,462	7599228,523
27	4617162,699	7599221,022
28	4617161,358	7599215,313
29	4617170,024	7599213,197
30	4617166,609	7599199,208
31	4617157,673	7599201,389
32	4617147,482	7599188,583
33	4617093,436	7599149,797
34	4617093,408	7599149,777
35	4617092,694	7599149,279
36	4617073,566	7599143,148
37	4617003,591	7599141,522
38	4616991,2	7599139,664
39	4616938,452	7599124,81
40	4616917,281	7599089,507
41	4616920,14	7599076,465
42	4617180,341	7599076,465
43	4617151,963	7598987,458
44	4617148,756	7598980,568
45	4617133,024	7598955,621
46	4617123,297	7598950,03
47	4617128,68	7598950,22
48	4617131,71	7598950,25
49	4617138,31	7598951,76

Границата на проектниот опфат се движи како што следи:

- на **север** границата коинцидира со дел од границата на КП 566/2;
- На **исток** границата поминува низ КП 566/1 ;
- На **југ** границата поминува низ КП 566/1;
- На **запад** границата поминува низ КП 1572/1;

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **42870,36 м² или 4,29 ха.**

Периметарот на проектниот опфат изнесува **1639,6493m'.**

- **Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат**

За потребите на инвеститорот потребно е да се изработи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип, во согласност со:

- Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20) и
- Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22).

Постапката е врз основа на член 58, 59, 60, 61 и 62 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20) според кој:

Член 58 став 6 „урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај

урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот."

Член 59 став 6 „Со урбанистичкиот проект од членот 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20), се уредуваат поединечни градби, односно групи на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, како што се:

- фотоволтаични плантажи за производство на енергија;

Со овој Урбанистички проект потребно е да се формира градежна парцела, да се дефинира намената во рамки на парцелата, како и начините на употреба на земјиштето, да ја дефинира површина за градба во рамки на парцелата, односно да ги дефинира сите архитектонско-урбанистички параметри за реализиција на комплексот на градби.

Намената е дефинирана согласно класификацијата на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22), а усогласена со член 57 став 2 од Закон за градење (Службен весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 18/20 и 279/20), Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште). Намената се однесува за градби за производство за електрична енергија од обновливи извори на енергија-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 5 мега ват.

Со одобрувањето на предметниот Урбанистички проект ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила.

Сите поединечни елементи на урбанистичко-проектната документација ќе содржат текстуален дел со нумерички показатели за постојната и планираната состојба како и соодветен број на графички прилози.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип треба да се изработи согласно Член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22).

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 566/1, опфат 2, КО Долани, Општина Штип е со намена:

Во градежна парцела ГП 1

Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште)

- **Проектни барања за инфраструктурата**

Со Урбанистичкиот проект потребно е да се обезбеди квалитетна комунална инфраструктура за предметниот простор.

Внатрешните инфраструктурни водови ќе бидат предмет на оваа урбанистичко-проектна документација и ќе бидат дефинирани трасите на основните инфраструктурни водови, за кои е пожелно е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти.

Пристапот до локацијата за моторни возила се планира преку пат на КП 1572/1, КО Долани, Општина Штип.

Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

Од аспект на одржив степен на сеизмичка заштита, при изградба на објектите да се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето, каде ќе се постават објектите.

Нарачател / Барател за одобрување на УП

БИСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Управител

Ивица Георгиевски

2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат

Постапка за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.8-Трафостаница "ТС 2" 35(10)/0,8кв, на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип е покрената на иницијатива на Инвеститорот.

Цел на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.8-Трафостаница "ТС 2" 35(10)/0,8кв, на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип** изработка на урбанистичко-проектна документација која ќе се изработи на основа на важечката законска регулатива, Ажурирана геодетска подлога, Услови за планирање на просторот, како и увид на лице место, известување за постојната инфраструктура од Јавните претпријатија, а целокупно во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23 и 171/24), Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 225/20, 219/22, 104/22 и 99/23), како и друга релевантна законска и подзаконска регулатива.

За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот.

Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на:

- директен увид на теренот и
- директна комуникација со корисниците на просторот.

При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно изграден, но треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби и по барање на Инвеститорот. На геодетската подлога, изработена од овластена фирма ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.

Предметниот проектен опфат е со површина од 130m² со намена:

Е1.8 – Трафостаница

број на површина за градба	намена		мах висина	Катност	површина на парцела (m2)	P(m2) површина за градба	бруто P (m2) развиена површина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
1.2	Е1.8	Инфраструктури за пренос на електрична енергија/ Трафостаница	5м	П	130 м2	40 м2	40 м2	30.8%	0.308
	ВКУПНО				130 м2	40 м2	40 м2	30.8%	0.308

Согласно добиените писма од страна надлежните институции, евидентирано е следното:

- Согласно добиеното писмо од **АД Водостопанство** со бр. 11-1173/3 од 03.7.2024год. нема свои објекти и инфраструктура;
- Согласно добиеното писмо од **НОМАГАС Скопје** со бр.08-3318/2 од 20.06.2024год. на наведениот проектен опфат нема планирано ниту изградено гасоводна мрежа;
- Согласно добиеното писмо од **ЈП "ИСАР"** со бр. 15-21/2 од 25.06.2024год. нема постоечки инсталации на водовод и фекална канализација;
- Согласно добиеното писмо од **Министерство за култура управа за заштита на културно наследство** со бр.17-2336/2 од 02.07.2024год. во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.
- Согласно добиеното писмо од **Телеком** со бр. 63049 од 01.07.2024год. во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура;
- Согласно добиеното писмо од **МЕПСО** со бр. 11-4449/1 од 04.07.2024год. предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО;
- Согласно добиеното писмо од **ЕВН** со бр. 10-23/6-237 од 11.07.2024год. нема свои инсталации;
- Согласно добиеното писмо од **Јавно претпријатие за железничка инфраструктура** со бр. 2001-2892/2 од 11.07.2024год. на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРМ Инфраструктура - Скопје
- **А1** нема одговорено на нашето барање на е-урбанизам од 20.06.2024год.
- Согласно добиеното писмо од **АЕК** со бр.1404-2116/2 од 02.09.2024 на предметниот плански опфат нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.
- Согласно добиеното писмо од **Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор природа** со бр. 11-4890/4 од 31.07.2024год. констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат не влегува внатре во границите на заштитените подрачја во државата и истата е надвор од границите на идентификувано Натура 2000 и Емералд подрачје.
- **Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор води** нема одговорено на нашето барање на е-урбанизам од 20.06.2024год.
- **Агенција за цивилно воздухопловство** нема одговорено на нашето барање на е-урбанизам од 20.06.2024год.
- **Јавно претпријатие за државни патишта** нема одговорено на нашето барање на е-урбанизам од 20.06.2024год.
- **ДЗС Штип** нема одговорено на нашето барање на е-урбанизам од 20.06.2024год.

3. Опис и обазложение на проектниот концепт на урбанистичко решение во градежната парцела, во која е утрвден простор определен со гарежни линии

3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Предмет на овој урбанистички проект треба да овозможи изградба на Е1.8-Трафостаница "ТС 2" 35(10)/0,8кв, на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип .

За предметниот проектен опфат издадени се услови за планирање.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 130m².

Координати на проектен опфат:

Бр.	Y	X
1	7599199.21	4617166.61
2	7599213.2	4617170.019
3	7599215.31	4617161.36
4	7599201.39	4617157.67

Нумерички показатели за инфраструктурата во проектниот опфат:
Намена: Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електирчна енергија - Трафостаница
Површина проектен опфат: 130m²
Површина за градење: 40m²
Максимална висина: 5м
Катност: П
Процент на изграденост: 30.8%
Коефициент на искористеност: 0.308

Од предложеното проектно решение а врз основа направените анализи произлегуваат следните нумерички показатели, во рамките на предметниот проектен опфат:

број на површина за градба	намена		мах висина	Катност	површина на парцела (m2)	P(m2) површина за градба	бруто P (m2) развиена површина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
1.2	Е1.8	Инфраструктури за пренос на електрична енергија/ Трафостаница	5м	П	130 м2	40 м2	40 м2	30.8%	0.308
	ВКУПНО				130 м2	40 м2	40 м2	30.8%	0.308

3.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Не е потребно паркирање за овој тип на инфраструктура.

3.3 Партерно решение со хортикултура

Партерно решение за ваков вид на проект не е потребно.

3.3.1 Водови и инсталации на инфраструктурите

Електро - енергетика и ПТТ инсталации

- Согласно добиеното писмо од **МЕПСО** со бр. 11-4449/1 од 04.07.2024год. предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО;

Телефонска мрежа

- Согласно добиеното писмо од **Телеком** со бр. 63049 од 01.07.2024год. во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура;
- **А1** нема одговорено на нашето барање на е-урбанизам од 20.06.2024год.
  Согласно добиеното писмо од **АЕК** со бр.1404-2116/2 од 02.09.2024 на предметниот плански опфат нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Топловодна мрежа

Во границите на опфатот не постои топловодна мрежа поврзана дистрибутивен топловоден систем.

4. Детални услови за проектирање и градење

Локацијата на проектниот опфат за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.8-Трафостаница "ТС 2" 35(10)/0,8кв, на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип опфатена со услови за планирање.

<u>Општи Услови</u>

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина проектниот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот проект за инфраструктура.

- Податоците кои се евидентирани на ажурирана геодетска подлога во Проектот за инфраструкура, се дефинираат како постојна состојба;
- Границата на проектниот опфат во графичкиот дел претставува ортогонална проекција на пресек на вертикална рамнина со површина теренот, која се протега над и под котата на теренот;

Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класа намена : **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.8-Трафостаница "ТС 2" 35(10)/0,8кв, на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип**;

- Отстранувањето на градежниот шут и поголеми колични на отпадоци при експлоатација на трасата ќе го врши директно на своја сметка причинителот на истите и тоа директно во регионалната депонија под услови кои ќе ги одредни управувачот на депонијата;
- Да се минимизираат емисиите на честици во армосферата посебно во фазата на градба, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;

- Доколку при реализација на проектната документација или при уредување на просторот се дојде до нови одредени сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со поставување на трасата на инфраструктурниот вод, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природно наследство;
- Доколку при идни градежни активности се наиде на остатоци од културно-историска вредност инвеститорот е должен да запре со работите, да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство и да се спроведат мерките од чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство;
- Услов е доследно почитување на актуелната законска и подзаконска регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот, параметрите и условите кои се составен дел од документацијата, како и мерките за заштита;
- При зафаќање на нови земјоделски површини предвидени со Програмата за изработка на урбанистички планови или друг плански документ предвиден согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, потребно е да се прибави согласност за трајна пренамена од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството;
- При планирањето на просторот да се воспостави контрола на изворите на загадување, континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и зони на санитарна заштита со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. зесник на РМ бр.20/04, бр.115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот;
- По завршувањето на градењето целиот отпаден и помошен материјал што бил потребен при изградбата да се однесе надвор од опфат, а природната околина да се доведе во првобитна состојба;
- Доколку при изведбата на Инфраструктурната градба се јави потреба од поместување на трасата или пропратните објекти, промените да се спроведат во Основниот проект или во Анекс на Основниот проект, без неопходно повторување на постапката на урбанистичкиот проект за инфраструктура;

Посебни услови за изградба

Предметниот проектен опфат е планиран со следната намена:

Е - Инфраструктури

Намена: Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија – Трафостаница
Површина проектен опфат: 130m²
Површина за градење: 40m²
Максимална висина: 5м
Катност: П
Процент на изграденост: 30.8%
Коефициент на искористеност: 0.308

Доколку при изведување на земјаните работи, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност,

потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Закон за заштита на културното наследство („Сл. весник на Р. М. “ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129еод Законот.

5. Мерки за:

5.1 Заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/22);
- Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/2016, 106/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21);
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 92/2007, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21);
- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23).
- Закон за управување со отпадот (Сл. Весник на Р.М. бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08 и 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15)
- Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” број 135/2007, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19 и 178/21)
- Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22, 99/23)
- Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18 и 20/19)
- Закон за водите (Сл. весник на Р.М. бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16).
- Уредба за класификација на водите (Сл.Весник на Р.М. бр.18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.Весник на Р.М. бр.18/99);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на Р.М. бр.79/07 и 124/10);

Право и должност е на Република Македонија, општината, како и на сите правни и

физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Р. М.“ број 171/22).
Цели на овој Закон се:
- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатста и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.
Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.
Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.
Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.
Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.
Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

5.2 Заштита и спасување

Врз основа на Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/2016, 106/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) и законот за пожарникарство (Сл.весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.8-Трафостаница “ТС 1“ 35(10)/0,8кв, на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасувања кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување од урнатини

-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
-евакуација
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и асанација на теренот.

- **Засолнување**

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување, засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единицата на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата (Сл. Весник на РМ бр. 80/05).

Организација и спроведувањето на засолнувањето е определено со Уредбата за спроведување на засолнувањето (Сл. Весник на РМ бр. 93/05).

Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, односно градот Штип, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва.

На инвеститорите на објекти за кои во Законот со заштита и спасување е утврдена обврска за изградба на засолништа, надлежниот орган на општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, им го определува потребниот број на засолнишни места, што инвеститорот треба да ги изгради во објектот што го гради или надвор од него.

- **Заштита и спасување од поплави**

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Потребно е да се врши преглед на цевководот кој може да биде причина за предизвикување на поплава, како проценка по мерките за заштита и спасување.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/2016, 106/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), Законот за пожарникарство (Сл.весник на Р.М. бр.67/04, 81/07, 55/13, 19830/14, 193/15 и 39/16) како и Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.весник на Р.М. бр.32/20, 111/23 и 171/2411).

Во однос на заштитата од пожари во наведената документација да се реши и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/2016, 106/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

- **Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредето место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Поради ова при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

- **Заштита и спасување од урнатини**

При планирањето е водено сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија, изградени со помала количина градежен материјал и релативно помали тежини.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците.

Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до 8^0 по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

- **Заштита и спасување од техничко-технолошки катастрофи**

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокаата животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на појава на пожар или експлозија, и заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите или последици од пожар и експлозии.

Планирањето на заштитата и спасувањето од техничко-технолошки несреќи опфаќа процена на можните загрозувања на населението, материјалните добра и животната средина во техничко-технолошки несреќи предизвикани од различни причини. Има можности за технолошките катастрофи, со оглед намената на просторот, потребно е стручно ракување со сите уреди. Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат важно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридод, така да можните оштетувања се

сведени на минимум. Инфраструктурните водови мора да се постават спрема техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатација, ракување и одржување. При примена планските решенија на инфраструктурниот проект да се почитува Законот за заштита и спасување.

- **Евакуација**

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението во подрачјето со кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина одредено место и во одредено време.

- **Згрижување на загрозеното и настраданото население**

Згрижување настрадано и загрозено население е предвидено согласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом или средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. На просторот од парцелата постои можност од згрижување на загрозеното и настраданото население со оглед на нејзината намена.

- **Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќаат мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје, превземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.

- **Прва медицинска помош**

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа превземање на хигиено-епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој проектен опфат во реонот на амбуланта и клиника изнесува 15-20 мин.

- **Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејства на природните непогоди, експлозии и други несреќи. Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на

повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

- **Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло**

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифототии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведувањето на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

- **Заштита на амбиентален воздух**

Во однос на заштита на воздухот може да се каже дека со планот се предвидува градба која не произведува енергенти кои би го загадиле воздухот.

- **Заштита на водата**

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Инфраструктурните водови треба да бидат поставени во согласност со постојните технички нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи.

Секој друг извор на загадување на водата ќе се утврди дополнително преку посебните проекти за градбата, при што Заштитата на животната средина, со посебен осврт на заштитата на водата, мора посебно да биде обработена и во кој децидно, плански, ќе бидат дефинирани заштитните мерки.

- **Заштита на почвата**

Не се очекува загадување на почвата и површинските води од пестициди. Секој друг извор на загадување на почвата ќе се утврди дополнително преку посебните проекти за градбата, при што Заштитата на животната средина, со посебен осврт на заштитата на почвата, мора посебно да биде обработена и во која децидно и плански ќе бидат дефинирани заштитните мерки.

- **Управување со отпад**

При управувањето со отпадот, од претхнодно извршена селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во друг процес на екстракција на секундарните суровини или да се користи како извор на енергија, се со цел намалување на количествата кои завршуваат во депонијата. Ова е во фунцкија на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од отпадот се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија. Секој друг вид на отпад, кој може да се очекува мора да се третира дополнително, преку посебните Идејни проекти за градба, при што Заштита на животната средина, со посебен

осврт на третманот на отпадот, мора посебно да биде обработена и во која децидно, плански, ќе бидат дефинирани заштитните мерки.

- **Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето**

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето е мерка која треба да се предвиди и пропише согласно законската регулатива. При изработката на Основниот проект, доколку истиот претставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршените геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

5.3 Обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Домувањето, мобилноста и пристапноста се основни предуслови за спроведување на сите активности во секојдневното живеење на лицата со инвалидност и нивното вклучување во заедницата.

За сите овие подрачја се воочува потребата за развој на стандардите. Потребно е во сегментот на пристапноста да се градат собраќајници со спуштени рабници, раскрсници со звучни семафорски уреди, со тактилни површини за слепите лица, како и звучни и визуелни најави во возилата на јавниот превоз, со можност слепото лице да користи куче - водич во сите средства на јавниот превоз и влез во сите градби за јавни намени.

Во градскиот и меѓуградскиот јавен сообраќај да се воведат адаптирани нископодни автобуси. Треба да се обрне посебно внимание за воведување на приспособени меѓуградски автобуски линии. Неопходна е достапност на јавниот превоз на сите линии, пристапност на возниот ред и на возилата и обезбедување на давање јасни и достапни информации на терминалите и во возилата.

Во периодот на спроведување на Стратегијата, една од најважните задачи треба да биде промовирањето на „Универзалниот дизајн“. „Универзалниот дизајн“ означува оформување на производите, опкружувањето, програмите и услугите, начин да може да ги користат сите луѓе во најголема можна мера, без потреба од приспособување или посебно оформување.

Посебна цел: Обезбедување на пристапност и достапност во сите сегменти на живеење.

Мерки:

- Да се воспостави опкружување пристапно за лицата со инвалидност со примената начелата на универзалниот дизајн избегнувајќи на тој начин создавање на нови пречки;
- Да се овозможи достапност на превозот за сите лица со инвалидност;
- Да се развијат едукациски програми врзани со примената на Универзалниот дизајн;
- Да се обезбеди пристап до информациите и комуникациите за сите лица со инвалидност;
- Да се обезбеди примена на современите технологии;
- Да се воспостави систем на помош при решавањето на станбеното прашање за лицата со инвалидност.

5.4 Мерки за заштита на природното и културното наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација, од праисторијата до денес, на територија на Р.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18 и 20/19), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8- ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)0.8КВ НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ ОПШТИНА ШТИП



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,013ха

ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА

ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

E1.8 ТРАФОСТАНИЦА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

ПЛАНИРАН НЕКАТЕГОРИЗИРАН СООБРАЌАЕН ПРИСТАП

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ		површина на плански опфат	процент
	шифра	м2	%
Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија / Трафостаница	Е1.8	130 м2	100.00%
Вкупно		130 м2	100.00%

ФАЗА У

BIP URBAN

ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИ

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8- ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)/0,8кВ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП

ТЕХ. БР. 0801-315/24 М 1:1000

1 ЛИСТ БР.

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070

ПЛАНЕРИ:
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0467

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ИНВЕСТИТОР: БИСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ЛОКАЦИЈА:КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП 11.2024

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8 - ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)0.8КВ НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ ОПШТИНА ШТИП



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,013ха

ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГГЛ ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Г.Л. ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ

1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

H=5,00m МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ

П МАКСИМАЛНА КАТНОСТ

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1.8 ТРАФОСТАНИЦА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

ПЛАНИРАН НЕКАТЕГОРИЗИРАН СООБРАКАЕН ПРИСТАП

ФАЗА

BIP URBAN

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ)

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8- ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)/0,8кВ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП

ЛИСТ БР. 2

ТЕХ. БР. 0801-315/24 М 1:1000

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070

ПЛАНЕРИ:
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0467

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ИНВЕСТИТОР: БИСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ЛОКАЦИЈА: КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП 11.2024

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8 - ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)0.8КВ НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ ОПШТИНА ШТИП



ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ — П = 0,013ха
- ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ
- РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГГЛ — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- Г.Л. — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ
- 1 — НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- H=5,00m — МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- П — МАКСИМАЛНА КАТНОСТ

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

- E1.8 — ТРАФОСТАНИЦА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- ПЛАНИРАН НЕКАТЕГОРИЗИРАН СООБРАЌАЕН ПРИСТАП

ПРЕСЕК 1-1

у ФАЗА BIP URBAN

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
(СООРАЌАЈ И НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ)

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8- ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)/0,8кВ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП

ЛИСТ БР. 3

ТЕХ. БР. 0801-315/24 — М 1:1000

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070

ПЛАНЕРИ:
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0467

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ИНВЕСТИТОР: БИСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ЛОКАЦИЈА: КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП — 11.2024

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8 - ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)0.8КВ НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ ОПШТИНА ШТИП



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,013ха

ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГГЛ ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Г.Л. ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ

1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

H=5,00m МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ

П МАКСИМАЛНА КАТНОСТ

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1.8 ТРАФОСТАНИЦА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

ПЛАНИРАН НЕКАТЕГОРИЗИРАН СООБРАКАЕН ПРИСТАП

ПРЕСЕК 1-1

НЕКАТЕГОРИЗИРАН ПАТ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ		површина на плански опфат	процент
	шифра	м2	%
Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија / Трафостаница	Е1.8	130 м2	100.00%
Вкупно		130 м2	100.00%

број на површина за градба	намена		max висина	Катност	површина на парцела (m2)	P(m2) површина за градба	бруто P (m2) развиена површина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
1.2	Е1.8	Инфраструктури за пренос на електрична енергија/ Трафостаница	5м	П	130 м2	40 м2	40 м2	30.8%	0.308
	ВКУПНО				130 м2	40 м2	40 м2	30.8%	0.308

фаза УРБАН

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
(СИНТЕЗНО РЕШЕНИЕ)

ЦРТЕЖ 4 ЛИСТ БР.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8- ТРАФОСТАНИЦА "ТС 2" 35(10)/0,8кВ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП

ТЕХ. БР. 0801-315/24 М 1:1000

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070

ПЛАНЕРИ:
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0467

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ИНВЕСТИТОР: БИСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ЛОКАЦИЈА: ОПШТИНА ШТИП 112024

ИДЕЕН ПРОЕКТ

ИДЕЕН ПРОЕКТ	**ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА „ТС 2” 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA**

ОБЈЕКТ: **ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА „ТС 2“, 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000kVA ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1**	**ИНТЕБАКО ДОО Скопје** ИЗРАБОТИЛ: **Друштво за трговија и услуги** **ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ** ***Ул. Влае бр. 87*** УПРАВИТЕЛ: **БЕНУН КАДРИЌ**
ИНВЕСТИТОР: **Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје** **Булевар Партизански Одред 27/1-13**	
ПРОЕКТАНТ:	
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ: **АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ дипл.ел.инж.** Овластување бр. А 4.1189	
ТЕХ.БР. **И07-005/24**	ДАТУМ: **Јули 2024**

СОДРЖИНА

I. ОПШТ ДЕЛ 3
1. РЕШЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ФИРМА 4
2. ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ФИРМА 6
3. ОВЛАСТУВАЊЕ НА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 7
4. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА 8
II. ПРОЕКТЕН ДЕЛ 9
1. МЕСТОПОЛОЖБА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈАТА 10
1.1 Локација на трафостаница 10
ОПШТИ УСЛОВИ 10
ОПИС И ДИСПОЗИЦИЈА 10
2. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ 11
3. МЕТОДИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ 17
4. БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА ПРОТИВОПОЖАРНА ЗАШТИТА И ЕКОЛОГИЈА 17
5. Спецификација - Предмер пресметка 19
III. ЦРТЕЖИ ОД ИДЕЕН ПРОЕКТ 21

I. ОПШТ ДЕЛ

1. РЕШЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ФИРМА

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150020240214650
Датум и време: 17.6.2024 г. 13:50

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 17.06.2024 во 13:50
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6566278
Назив:	Друштво за трговија и услуги ИНТЕБАКО ДОО Скопје
Седиште:	ВЛАЕ бр.87/приземје СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	46.90 - Неспецијализирана трговија на големо
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	- Лиценца А за изведувач на градби од прва категорија број И.295/А издадена од Министерство за транспорт и врски на ден 20.09.2022 година, со важност до 20.09.2029 година; - Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија број П.468/А издадена од Министерство за транспорт и врски на ден 25.05.2022 година, со важност до 21.05.2028 година; - Лиценца Б за изведувач на градби од втора категорија број И.940/Б издадена од Министерство за транспорт и врски на ден 25.05.2022 година, со важност до 23.08.2025 година и - Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија број П.866/Б издадена од Министерство за транспорт и врски на ден 25.05.2022 година, со важност до 17.08.2025 година

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/FA13FAE60834192175FE3D70871CF7923A35A3ED52BC39C8D0513510D40B1F7D
Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација

Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/FA13FAE60834192175FE3D70871CF7923A35A3ED52BC39C8D0513510D40B1F7D

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

2. ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ФИРМА

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' 244/19, 18/20 и 279/20), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД
ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

Друштво за трговија и услуги ИНТЕБАКО ДОО Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ЛОНДОНСКА бр.8 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
ЕМБС: 6566278

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 21.05.2028 година

Број П.468/А
21.05.2021 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварски

3. ОВЛАСТУВАЊЕ НА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

на

АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ

дипломиран електротехнички инженер (NQF VII_1)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 27.03.2027 год.

Број: 4.1189

Издадено на: 28.03.2022 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Радевски
дипл.инж.арх.

4. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Изработка на идеен проект за изградба на дистрибутивна трафостаница „ТС 2“ 35(10)/0,8 kV/kV во КО Долани, Општина Штип, на дел од КП 566/1, за инвеститор Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ.

Идејниот проект треба да ги содржи сите пресметки за максималната моќност, димензионирање и избор на опрема, графички прилози составени од детали за начинот на монтажа на системските компоненти како и за начинот на меѓусебно електрично поврзување и инсталирање на опремата.

Електротехничките инсталации во овој проект мора да бидат изведени во согласност со важечките прописи за изведување на инсталации од овој тип на објекти, важечките МКС стандарди, меѓународни стандарди и препораки кои ја регулираат оваа област.

Проектант

ИНТЕБАКО ДОО Скопје

Друштво за трговија и услуги ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ

Инвеститор

Биси ДООЕЛ Скопје

Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

II. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

1. МЕСТОПОЛОЖБА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈАТА

1.1 Локација на трафостаница

ОПШТИ УСЛОВИ

Трафостаницата е предвидена за предавање на произведена електрична енергија од фотоволтаичната централа „Долани 2” во мрежата на дистрибутерот.

Предвидена е дистрибутивна трафостаница за трансформатор 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000kVA. Изградбата на ваков тип на дистрибутивна трафостаница за конкретниот објект е предвидена со урбанистичкиот проект, како и со придружување кон прописите на Законот за градење во Р.С. Македонија и соодветните одредби кон него.

ОПИС И ДИСПОЗИЦИЈА

Трафостаницата претставува посебен објект во склоп на фотоволтаична централа „Долани 2” на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип. Оваа локација се наоѓа на надморска висина од приближно 363 m, а географските координати се: 41°41’25”, 22°11’02”.

Слика 1. Географско-релјефна карта на околината на Долани, Штип

Дистрибутивната трафостаница има три посебни составни единици (сектори) и тоа:

- I сектор: 2 простории за трансформатор,

- II сектор: опрема за распределување на среден напон (СНБ) 35 kV

- III сектор: опрема за распределување низок напон (ННБ).

Трафостаницата обезбедува трансформирање на напонот од 35 kV на 0,8 kV, 50 Hz.

Објектот е со правоаголна форма, со димензии од 9,25m x 5,10m. Вкупната површина е 47,175 m^2.

Темелењето е предвидено со темелни ленти со висина 30cm, а ширина 40cm, темелните ѕидови се со дебелина од 20cm, а темелењето се врши на -0,70, под котата на теренот. Фундаментот е изолиран со хидроизолација-кондор трака.

Трафостаницата е со поткренато приземје од +0,30cm, над котата на теренот. Во фундаментот помеѓу трафо блокот и СНБ и ННБ се предвидени отвори со премини за кабли.

Меѓукатната конструкција, односно плоча која се појавува само кај среднонапонскиот блок и нисконапонскиот блок, е предвидена да биде бетонска, со дебелина на плочата од d=15cm.

Внатрешните простории се поделени со преградни ѕидови изработени од бетонски блокови, ѕидовите се со висина 2,35m и дебелина на 20cm. Внатрешниот простор е поделен на 4 сегменти, односно, два трафо блокови, со отворено дно, каде што трафото се потпира на два челични профили, една просторија-среднонапонски блок и друга просторија-нисконапонскиот блок. Димензиите на просториите произлегуваат од потребниот простор диктиран согласно електроопремата. Минималната чиста висина којашто треба да се достигне е 3,6m.

Надворешната обвивка, односно надворешните ѕидови исто така се изработени од бетонски блокови со димензии 20cm x 20cm x 40cm, дополнително фасадно обработени, односно молерисани и офарбани со фасадна бела боја.

Столаријата на објектот се предвидени да бидат изработени од челик, со тоа што, вратите кај трафоблоковите ќе бидат двокрилни изработени од челик со димензии 210cm x 285cm, во просториите кај трафото исто така се предвидении по два отвори (на врати), односно жалузини. Кај нисконапонскиот блок е предвидена двокрилна врата со димензии 210cm x 285cm, додека кај среднонапонскиот блок двокрилна врата со димензии 285cm x 325cm.

Кровот на објектот е едноводен и истот е со наклон од 5°. Како покривен материјал за објектот е предвиден покривен сендвич панел со исполна минерална волна и дебелина д=6cm. Подетален приказ во графичките прилози.

2. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Приклучната точка е ТС 110/35/10(20) kV Штип 2 согласно добиеното решение за согласност за приклучување на електродистибутивна мрежа. Среднонапонскиот приклучок од дефинираната приклучна точка до новопланираната ТС ТС 2 е предвиден со среднонапонски кабел 3xNA2XY(F)2Y со пресек 1x400 mm^2 RM/35kV.

2.1 Електрична опрема

Како што претходно е кажано, во трафостаницата има три посебни составни единици(сектори) и тоа:

- I сектор: два простора за трансформатори,
- II сектор: опрема за распределување на среден напон (СНБ) до 35 kV
- III сектор: опрема за распределување низок напон (ННБ).

кои се прикажани во цртежите од идениот проект.

Трансформаторот е поставен така да биде лесно достапен за годишни проверки, и негова замена во случај на хаварија. Во овој дел е поставен маслен трансформатор од 5000 kVA. На самите врати на трафо боксот се поставени вентилациски отвори (жалузини), со кои се

овозможува ладење на трансформаторот по природен пат. Трансформаторскиот дел е со водонепропусна када, за собирање на маслото кое може да истече во случај на хаварија. Пристапот до трансформаторот е од надворешна страна. Секторот за СН постројката е одреден да го собере СН блокот и да ги задоволи потребните растојанија за ваков вид на опрема. Пристапот до СН постројка е од надворешната страна на објектот. Ормар за мерење на енергија од ЕВН е прикачен на самото куќиште на трафостаницата од надворешната страна. Пристапот до НН постројка е од надворешната страна. Вратите на сите сектори мораат да се заклучуваат и на нив ќе се монтираат соодветните предупредувачки таблички. Предвиден е бетонски канал за положување на СН кабли од трансформаторот до СН блок и за доводно изводни кабли.

Вратите се бојадисувани со прашкаста боја отпорна на надворешни влијанија. Обезбедени се од влегување на глодачи, влегување на птици и влекачи и не дозволуваат да се достигне со жица или друга направа до деловите под напон. За сите делови на трафостаницата се користат квалитетни материјали, кои не ја загадуваат животната околина. Трафостаницата е изведена за работа на отворено, во нормални услови.

I сектор-ТРАНСФОРМАТОР

Предвидени се два сектори за двата трансформатори кои се наоѓаат лево и десно од секторот за СНБ и ННБ прикажан во графички прилози за кој е предвидена природна вентилација, во него се предвидени два маслени трансформатори, секој со моќност од 5000kVA, A0-Ak преклоплив 35/0,8 kV со следни карактеристики:

Номинална снага	2 x 5000 kVA
Напонско ниво	35(10)/0,8 kV/kV
Регулација	± 2x2.5%
Номинална фреквенција	50 Hz
Загуби во празен од	2800 W
Загуби при оптоварување на 75°C	28200 W
Напон на куса врска	6%
Надморска висина	1000 m
Стандард	IEC60076
Група на поврзување	Dyn5
Ладење	ONAN
Вкупна тежина	10200 kg
Ширина	2400 mm
Должина	2690 mm
Висина	2810 mm

Ладењето на трансформаторот е со природна вентилација. Таа е така димензионирана што при максимално оптоварување на трансформаторот, максималната температурна разлика масло/ладен воздух, не надминува 60K. При евентуално истекување на маслото од трансформаторот се предвидува да се изработи бетонска када и истата треба да биде димензионирана за количината на масло кое се наоѓа во трансформаторот.

II сектор – СНБ

Во овој сектор согласно побарувањата и во согласност со електроенергетската согласност е предвиден комплетен дистрибутивен систем тип RRSMTT - од производителот ABB.

Составена е од две изводни ќелии тип „влез/излез”, една спојна, две трафо ќелии и една мерна ќелија. СНБ е слободно стоечки ормар со вградени делови за проводници комутациска безбедност и апаратура за мерење, фабрички склопени и тестирани.

Составена е од херметички метално куќиште од челик, кој што не ‘рѓосува, исполнето со SF6 гас, со манометарски притисок од 0,15 bar до 0,20 bar и разделувач на моќност, заземјување, комбинација осигурувач – разделувач на моќност или прекинувач. Предвидени се сите блокирања, кои што не дозволуваат погрешни комутации. Ќелиите се опремени со разделувачи на моќност.

Во доводната келија се поставува разделувач на моќност исполнети со SF6 гас под притисок со заземјувач, а во трафо ќелијата разделувачот на моќност е во комбинација со осигурувачи. За обезбедување на сигурност во состојба под напон, се изведува блокада на вратите на среднонапонската постројка. Основни карактеристики на СН блокот се:

- номинален напон до 35 kV
- струја на куса врска 25 kA/1s
- номинална струја 630 A
- не е потребно одржување
- херметизирана обвивка и внатрешност исполнета со SF6 гас.

Врската помеѓу трафо ќелијата и трансформаторот е изведена со кабел тип **NA2XS(F)2Y 1×150mm2 RM/25 35 kV.**

Карактеристики на среднонапонската опрема се следните:

а) Фабрички склопени, тестирани и слободно поставени ормари со вградени во нив делови за спроведување на струја (шини), комутациона заштита и апаратура за мерење. Електричните и механички работни механизми се монтирани позади предна плоча, со визуелно укажување на монтажна шема на положбата на комутационата апаратура (затворено, отворено и заземјено).

б) Блоковите се самостоечки потполно изолирани блокови. Составени од:

- Херметички метален ормар од челик кој не може да рѓоса (не е неопходно одржување), каде деловите под напон се групирани заедно, разделувач на моќност, заземјувач, комбинација осигурувач - разделувач на моќност или прекинувач.
- Оддел за низок напон
- Оддел за механизам за пуштање во дејство
- Оддел за осигурувачи за функциите разделувач на моќност - осигурувач

в) Блокот со уредите е наполнет со SF6 со манометарски притисок од 0,15 bar. Херметичноста се проверува системски во фабрички услови и обезбедува на комутационата апаратура очекуван рок на траење од 30 години.

г) Работните карактеристики добиени за уредите се во соодветност со дефиницијата за "Херметички затворени системи под притисок" во соодветност со препораките на IEC. Разделувачот на моќност и заземјувачот му ги обезбедуваат на операторот сите неопходни гаранции при работењето.

д) СН блок е наменет за работа на затворено.

ѓ) Во уредите се предвидени сите блокирања кои не дозволуваат погрешни комутации.

е) Уредите се со подвижни контакти со три стабилни положби (отворено, затворено и заземјено), со вертикален од. Конструкцијата прави невозможно истовремено затворање на разделувачот или на прекинувачот и на заземјувачот. Заземјувачот ја има функцијата за вклучување за кратки споеви, согласно прописите и стандардите.

ж) Пристапот до просторот за кабли може да се блокира преку заземјувачот и/или разделувач или прекинувач на моќност.

з) Индикаторите на положбата на комутационите апаратури се поставени директно на работните површини со подвижни контакти. Даваат одредено покажување на положбата на комутационата направа.

ѕ) Полуга за пуштање во дејство, истата е конструирана со антирефлектна направа, која го оневозможува секој обид за непосредно повторно отворање на разделувачот на моќност или на заземјувачот по затворање.

и) Уреди за заклучување, може да се користат 1 до 3 клучалки за оневозможување на:

- Пристап до работната полуга на заземјувачот
- Пристап до работната полуга на разделувачот на моќност или прекинувачот
- Пуштање на копчето за исклучување со притискање

ј) Здравата, стабилна и отпорна кон влијание на околината, конструкција на SF6 блокот води до многу мала можност за дефект во внатрешниот дел на комутационите уреди. Независно од тоа, за да се гарантира максималната безбедност на персоналот, уредите се конструирани така што можат да издржат внатрешен електричен лак создаден од номинална струја на краток спој за 1 секунда, без опасност за операторите. Случајниот прекумерен притисок како резултат на внатрешниот електричен лак е ограничен преку отворање на заштитниот вентил на дното од металната обвивка. Гасот се носи од задниот дел од блокот без влијание врз условите во предниот дел. Уредите одговараат на шесте критериуми наведени во Прилог АА на IEC 60298 по спроведеното испитување за 20 kV стандардно испитување.

к) Гаснењето на лакот се спроведува со принципот на автопродувување во средина со SF6 гас.

Трафостаницата ќе се приклучи на електродистрибутивниот систем преку кабелски вод ***NA2XS(F)2Y 3×1x400m ² RM/25 20/35kV*** **согласно енергетска согласност.**

III сектор-ННБ

Овој сектор е поставен покрај ѕидот кој граничи од двете страни со двата трафо-блокови. Изведен е со две нисконапонски разводни табли на самостоечка рамка, составени од доводен, заштитен и изводен дел.

Доводниот дел се состои од вкупно седумнаесет изводи, по осум и по девет изводи на секоја нисконапонска табла, опремени со автоматски прекинувачи од типот **ABB T4V-HA 250 TMA 200-2000 3p F F 800VAC**.

Во заштитниот дел се поставуваат заштитни и мерни уреди. Заштита од пренапон според стандардот IEC 61643-1: се поставуваат металоксидни одводници на пренапон, класа С – МКС.Заштита на струјното коло за осветление: се поставуваат автоматски осигурувач В6

А.Изводниот дел се состои од изводно поле во крајниот горен дел од таблите и тука се приклучуваат каблите кои се водат до секундарот на трансформаторот. Опремен е со два тропол ни контактни прекинувачи на низок напон од типот **ABB E4.2N 4000 Ekip Touch LSI 3p F HR.**

Врската помеѓу трансформаторот и нисконапонскиот блок е со кабелска врска ***NA2XY 9x3x(1x300 mm)^2 + 5x(1x300 mm^2)***.

Струјните трансформатори се со класа на точност 0,55, напонските трансформатори со 0,5.

2.2 Мерење

Мерењето на електрична енергија се врши со индиректно дигитално броило за мерење на електрична енергија (активна и реактивна), монтирано во посебен ормар на куќиштето на трафостаницата од надворешна страна. Броилото за мерење на потрошена електрична енергија е монтирано од страна на ЕВН.

2.3 Заземјување

За заштита на вработените од недозволено висок напон на допир, како и за нормална работа на трансформаторите во трафостаницата, предвидено е заземјување на трафостаницата и тоа работно и заштитно заземјување.

Работното заземјување ќе се изведе со поставување на три поцинкувани сонди со должина 1.5 m и пресек Ф63 mm во темињата на рамностран триаголник, меѓусебно поврзани со два реда поцинкувана трака FeZn 40x4 mm, и на меѓусебно растојание од 15 m, а на растојание 25 m од трафостаницата. Работното заземјување се поврзува со кабел H07V-K 1x50 mm2 со нулата на трансформаторот.

Заштитното заземјување ќе се изведе со поставување на две правоаголни контури поцинкувана трака Fe Zn 40 x 4mm на соодветни растојанија околу трафостаницата, детално прикажано во Графички прилози. Сите метални делови кои во нормален погон не се под напон, ќе се заземјат. Заштитното заземјување на трафостаницата ќе се изведе според препораките на Електродистрибуција. По завршување на изведбата, ќе бидат извршени потребните испитувања за отпорот и истиот ги задоволува условите.

2.4 Осветлување

Осветлувањето СНБ, ННБ и ТБ ќе се изведе со водонепропусни светилки со моќност од 18W.Предвидени се 6 светилки, каде што, по една светилка ќе се постави во среднонапонскиот и нисконапонски блок, и по две светилки во деловите каде што се позиционирани трансформаторите.

Инсталацијата за осветлување се изведува со спроводник NYM 4x2,5 mm2, повлечен во PVC цевки. Инсталацијата за осветлување се обезбедува со дво полен прекинувач 6A, монтиран во ННБ.

2.5 Опрема и табли

Во ННБ е предвидено место (фиока) за чување на: лост за активирање, табли за обезбедување, клучеви, инструменти за монтажа, осигуруваци и др.
Предупредителните табли се на магнетно фолио со димензии 300x200 мм и со натписи, согласно нарачката на Договарачот.

При разработката и изведувањето на трафостаницата се приложени прописите на следните стандарди и нормативни документи:

- Правилник за технички нормативи за електроенергетски постројки со номинален напон над 1000V.
- Правилник за технички нормативи за заштита на нисконапонски мрежи и станици за трансформатори.
- Правилник за технички нормативи за електрични инсталации од низок напон
- МКС.Н.Б2.742 – Заштита од топлински влијанија
- МКС Н.Б2.743 – Заштита од преголеми струи
- МКС Н.Б2.743/2 – Заштита од преголеми струи – измени
- МКС Н.Б2751 – Избор и поставување на електрична опрема во зависност од надворешни влијанија;
- МКС Н.Б2.752 – Електричен развод. Трајно допуштени струи;
- МКС Н.Б2.754 – Заземјување и заштитни проводници;
- МКС Н.Б2.754/1 – Заземјување и заштитни проводници – измени
- Н.Е3.101 – Инсталациони склопки. Видови на споеви
- Н.Е3.605 – Приклучни прибор за индустриска намена. Технички услови и испитувања.
- Н.Е5.005 – Инсталациски осигуруваци со растален вметок;
- Н.Е5.210 – Нисконапонски растални осигуруваци со голема моќ на прекинување за примена во индустрија и слично. Испитувања;
- МКС Н.Б4.801 – Заштита на објекти од атмосферски празнења. Општи услови.
- Н.Б2.776 – Електрични инсталации со назибен напон до 1000V. Електрични инсталации во ограничени водливи простори;
- Н.А5.020 – Проверка на заштита од електричен удар.
- EN 61330 – Комплетни станици за трансформатори со општа намена до 20kV. Произведени во фабрички услови;
- EN 60071 – Координирање на изолација;
- EN 60060-2 – Методи за испитување со висок напон; дел 2: системи за мерење (IEC 60060-2)
- EN 60664 – координирање на изолација на уредите во систем на низок напон; дел 1:правила, прописи и испитувања (IEC 60664-1 со измени)
- EN 600076 – енергетски трансформатори;

- IEC 60354 – Директива за оптоварување на маслени енергетски трансформатори „Loading Guide”
- EN 62271-200 – Комутациона опрема во метална обвивка за променлив напон .
- IEC – 60364 – електрични уреди во згради;
- EN 60439 – комплексни комутациони конструкции за низок напон;
- EN 60694 – Општи прописи за стандардите за комутационите апарати за висок напон;
- IEC 60695 – Испитување за опасност од пожар;
- EN 60947 – Комутациони уреди од низок напон

3. МЕТОДИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ

По завршување со изведбата на трафостаницата, потребно е да се направат соодветни испитувања, како што се:

- испитување на работно заземјување;
- испитување на заштитно заземјување;
- мерење на напон на допир;
- мерење на напон на чекор.

Методите на испитување и вредностите за норми на елементите за опремување на електричната опрема на трафостаницата се во согласност со документите на нивните производители.

4. БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА ПРОТИВОПОЖАРНА ЗАШТИТА И ЕКОЛОГИЈА

Просторите на СНБ, ННБ и просторот на трансформаторот се особено опасни.

Предвидени се следните мерки за безбедност:

а) против директен допир – сите делови, кои што се под напон и кои се наоѓаат на достапна височина се заградени; користени се изолирани адаптери со екрани за изводите од трансформаторот;

б) против индиректен допир

- заземјување – кон инсталацијата за заземјување се поврзуваат: куќиштата на СНБ и сите метални делови кои што во нормален режим на работа не се под напон. Отпорот заштитното заземјување не треба да надминува 4 ома.

в) блокирање –(СНБ) се со фабричко функционално блокирање, кое не користи погрешни манипулации;

г) ознаки за заштита - на вратите се поставени предупредителни табли; над ННТ е поставена предупредителна табла за висок напон. На вратите на трафостаницата е поставена табла со диспечерскиот назив на трафостаницата.

Просторите на трафостаницата не се експлозивно опасни. Во врска со опасноста од пожар при хаварија и истекување на масло за трансформаторот, има мала веројатност пламенот да излезе од куќиштето.

Противпожарната заштита треба да биде во соодветност со техничките прописи за заштита на енергетски објекти и Законот за заштита и спасување и важечките одредби за заштита од пожар.

Противпожарната заштита треба да е во согласност со техничките прописи за специјална заштита на енергетски постројки и Законот за заштита и спасување и правилници за заштита од пожари.

Предвидени се рачни противпожарни апарати од типот S-9 и CO_2-5.

За спречување на хаварии, електричните уреди се заштитени со електромагнетни и термички заштити преку автоматски прекинувачи. За заштита на изводите од НН таблата се предвидени разделувачи со осигурачи.

Од аспект на заштита при работа во постројката истото е поделено во три зони:

Прва зона – зона на слободно движење, односно зона во која не е присутна опасноста од електрична струја.

Втора зона – зона на контрола и манипулација, простор меѓу среднонапонскиот и нисконапонскиот блок. Во оваа зона одреден тип на манипулации може да се изведат под напон, но при тоа треба да се придржува кон ограничувањата кои се дадени во Правилникот за технички мерки за сигурна работа во електроенергетски постројки и во упатството за сигурна работа.

Трета зона – зона на опасност од електрична струја во која е дозволено присуство само во безнапоска состојба.

Пред почеток со работа во безнапонска состојба, потребно е да се спроведат основните и додатните мерки на сигурност:

1. **Исклучување и видливо одвојување на деловите под напон.**
2. **Превземање мерки за спречување од повторно вклучување.**
3. **Проверка на безнапонска состојба.**
4. **Заземјување и кратко спојување.**
5. **Оградување на работното место од делови под напон.**

При изведување на работата во близина на делови од постројката под напон, потребно е на сите работници да им се обрне внимание за присуство на напон и точно да се дефинира просторот за работа и движење. Деловите под напон треба да се обезбедат од случаен непосреден или посреден допир со поставување на заштитни прегради.

На надворешна страна на вратите потребно е да се постават предупредувачки таблички.

Во трафостаницата има:

- Еднополна шема на постројката
- Упатство за пружање на прва помош
- Табличка со натпис со пет правила на сигурна работа
- Таблици за предупредување за висок напон.

Монтажата, прегледите, ремонтите и експлоатацијата да се изврши од персонал која ја има соодветна квалификација за овој вид надзорни уреди.

Сиданите трафостаници не создаваат шетни зрачења и опасности за луѓето и загадување на околната средина.

5. Спецификација - Предмер пресметка

РБ.	Набавка,испорака и монтажа на следната опрема	Единечна мерка	Кол.
1	Дистрибутивна трафостаница 35(10)/0,8 kV/kV, 2 x 5000 kVA со следна опрема: ~Комплет фабрички среднонапонски ќелии RRSMTT, со две изводни ќелии, една спојна ќелија, две трафо ќелии и една мерна ќелија; ~Комплет опрема и ситен материјал за спојување СН и НН кабли според еднополна шема; ~Маслени енергетски трансформатори со: -преносен однос 35(10)/0,8 kV/ kV -номинална моќност 2x5000 kVA -спој на намотките Dyn5 -напон на куса врска 6% -регулација на напон 2,5%	парче	1
Градежни компоненти			
1	Ископ, изнесување на земја за бетонска јама со димензии 9,2x5,1x1,13	m^3	53,02
2	Нивелирање и припрема на терен за поставување на трафостаница	пау.	1
3	Бетонирање со димензии 9,2x5,1x0,2 со водонепропусен бетон, комплет се спремно за употреба	m^3	9,384
4	Испорака и монтажа во претходно ископан ров на поцинкувана лента FeZn40x4mm, за заштитно заземјување	m	70
5	Испорака и набивање на сонди за заштитно заземјување (1.5m, Ø63mm) и изведба на спој со лента	парче	4
6	Испорака и монтажа во претходно ископан ров на поцинкувана лента FeZn40x4mm, за работно заземјување	m	48
7	Испорака и набивање на сонди за работно заземјување (1.5m, Ø63mm) и изведба на спој со лента	парче	3
8	Испорака на материјал и монтажа на кабел NA2XY 1x300 mm^2 за кабелска врска трансформатор-ННБ	m	256
9	Испорака на материјал и монтажа на кабел NA2XS(F)2Y 1x150 mm^2 RM16 за кабелска врска трансформатор-СНП 35 kV	m	20

10	Испорака на материјал и монтажа на кабел NYM 4x2,5 mm^2, за инсталација за осветлување	m	15
11	Испорака на расветни тела ЛЛ 6x18W	m	12
12	Испорака на материјал и монтажа на кабел H05V-K 1x150 $mm^{2,}$ за изведба на заземјување	m	2
13	Испорака на материјал и монтажа на кабел H07V-K 1x50 $mm^{2,}$ за изведба на заземјување	m	30

III. ЦРТЕЖИ ОД ИДЕЕН ПРОЕКТ



ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ		површина на плански опфат	процент
	шифра	м2	%
Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија / Трафостаница	Е1.8	130 м2	100.00%
Вкупно		130 м2	100.00%

број на површина за градба		намена	мах висина	Катност	површина на парцела (m2)	П(m2) површина за градба	бруто Р (m2) развиена површина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
1.2	Е1.8	Инфраструктури за пренос на електрична енергија/ Трафостаница	5м	П	130 м2	40 м2	40 м2	30.8%	0.308
	ВКУПНО				130 м2	40 м2	40 м2	30.8%	0.308

Легенда :

566/1	Број на Катастарска парцела
81.63	Кота на терен
102	Број на детална точка
	Катастарска евиденција - парцели
	Помошна линија
	Падна линија
	Граница на плански опфат

НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
ПОСТОЈНА СИТУАЦИЈА

РЕВИДЕНТ:

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA, „ТС 2“, ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, на дел од КП 566/1

ИНВЕСТИТОР:
Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје
Булевар Партизански Одред 27/1-13

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. А.4.1189

Интебако ДОО СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И07-005/24	**Јули 2024**	**М=1:1000**	**E.01**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА КОИ СЕ ГРАДАТ НА ЗЕМЈИШТЕ) НА ДЕЛ ОД КП 566/1, ОПФАТ 2, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП



ЛЕГЕНДА

Новопроектирана ТС
35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000kVA

Граница на проектен опфат

НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
НОВОПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА ПОЗИЦИЈА НА КБТС

РЕВИДЕНТ:

E

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA, „ТС 2", ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, на дел од КП 566/1

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ИНВЕСТИТОР:
Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје
Булевар Партизански Одред 27/1-13

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. А.4.1189

Интебако ДОО СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И07-005/24	**Јули 2024**	**М=1:500**	**E.02**



ФАСАДА ЈУГ

НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ: **НАДВОРЕШЕН ИЗГЛЕД**			РЕВИДЕНТ:
ВИД НА ПРОЕКТ: **ИДЕЕН ПРОЕКТ** ФАЗА: **ЕЛЕКТРОТЕХНИКА**	ОБЈЕКТ: **ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA, „ТС 2“, ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, на дел од КП 566/1**		ИЗРАБОТИЛ: Друштво за трговија и услуги **ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ** УПРАВИТЕЛ: **БЕНУН КАДРИЌ** *дипл.економист*
ИНВЕСТИТОР: **Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје Булевар Партизански Одред 27/1-13**			
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ: **АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ** *дипл.ел.инж.* *Овластување бр. А.4.1189*			Интебако ДОО СКОПЈЕ
ТЕХ. БРОЈ: **И07-005/24**	ДАТА: **Јули 2024**	РАЗМЕР: **М=1:20**	ЦРТЕЖ БРОЈ: **E.03**



ФАСАДА ИСТОК

НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
НАДВОРЕШЕН ИЗГЛЕД

РЕВИДЕНТ:

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA, „ТС 2“, ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, на дел од КП 566/1

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ИНВЕСТИТОР:
Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје
Булевар Партизански Одред 27/1-13

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. А.4.1189

Интебако ДОО СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И07-005/24	**Јули 2024**	**М=1:20**	**E.04**



НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
НАДВОРЕШЕН ИЗГЛЕД

РЕВИДЕНТ:

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA, „TC 2", ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, на дел од КП 566/1

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ

ИНВЕСТИТОР:
Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје
Булевар Партизански Одред 27/1-13

УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. А.4.1189

Интебако ДОО СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И07-005/24	**Јули 2024**	**М=1:20**	**E.05**



НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
РАСПОРЕД НА ОПРЕМАТА ВО КБТС

РЕВИДЕНТ:

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA, „ТС 2", ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, на дел од КП 566/1

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ИНВЕСТИТОР:
Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје
Булевар Партизански Одред 27/1-13

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. А.4.1189

Интебако ДОО СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И07-005/24	**Јули 2024**	**М=1:20**	**Е.06**



ЛЕГЕНДА

1. Поцинкувана челична трака 40x4mm
2. HO7V - K - 1x50 mm2
   *HO7V - K - 1x150 mm2
3. Сонда за заземјување Φ63mm, L=1,5m
4. Вкрсна спојка 70x70mm за поцинкувана трака 40x4mm и округла челична жица Φ10mm со трака за заштита од корозија за водоотпорно заптивање на спој со стегалка

НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
ОСНОВА СО ОПРЕМА - РАБОТНО И ЗАШТИТНО ЗАЗЕМЈУВАЊЕ

РЕВИДЕНТ:

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA, „ТС 2“, ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, на дел од КП 566/1

ИНВЕСТИТОР:
Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје
Булевар Партизански Одред 27/1-13

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ
ул. "Влае" бр. 87- Скопје
УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. А.4.1189

Интебако доо Скопје

ТЕХ.БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И07-005/24	**Јули 2024**	**M=1:50**	**E.07**



НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
ИЗГЛЕД НА ТРАНСФОРМАТОР

РЕВИДЕНТ:

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA, „ТС 2“, ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, на дел од КП 566/1

ИНВЕСТИТОР:
Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје
Булевар Партизански Одред 27/1-13

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ
ул. "Влае" бр. 87- Скопје
УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. А.4.1189

Интебако доо Скопје

ТЕХ.БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЦРТЕЖ БРОЈ:
И07-005/24	**Јули 2024**	**M=1:20**	**E.08**



НАЗИВ И СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ:
ЕДНОПОЛНА ШЕМА

РЕВИДЕНТ:

ВИД НА ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ

ФАЗА:
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

ОБЈЕКТ:
ДИСТРИБУТИВНА ТРАФОСТАНИЦА 35(10)/0,8 kV/kV, 2x5000 kVA, „ТС 2“, ОПШТИНА ШТИП, КО ДОЛАНИ, на дел од КП 566/1

ИЗРАБОТИЛ:
Друштво за трговија и услуги
ИНТЕБАКО ДОО СКОПЈЕ
ул. "Влае" бр. 87- Скопје
УПРАВИТЕЛ:
БЕНУН КАДРИЌ
дипл.економист

ИНВЕСТИТОР:
Трговско друштво БИСИ ДООЕЛ Скопје
Булевар Партизански Одред 27/1-13

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АЛЕКСАНДАР ТОЛЕВСКИ *дипл.ел.инж.*
Овластување бр. А.4.1189

Интебако доо Скопје

ТЕХ.БРОЈ: **И07-005/24**
ДАТА: **Јули 2024**
РАЗМЕР:
ЦРТЕЖ БРОЈ: **E.09**

МИСЛЕЊА

Република Северна Македонија
Општина Штип
Број 18-3798/2
2.07.2024 година
Ш т и п

До: Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

ПРЕДМЕТ: МИСЛЕЊЕ ОД ОПШТИНА ШТИП

МИСЛЕЊЕ ЗА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8-ТРАФОСТАНИЦА ТС2 35(10)/0,8кВ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП

ИЗГОТВУВАЧ: Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

МИСЛЕЊЕ

До Општина Штип е доставено барање за потребите на мислење за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8-ТРАФОСТАНИЦА ТС2 35(10)/0,8кВ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП, аплициран во електронскиот систем на е урбанизам (бр. на постапка: **63067**).

Во постапката се приложени следните документации:

- Барање на мислење,
- Ажурирана геодетска подлога,

Општина Штип е согласна и дава ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.8-ТРАФОСТАНИЦА ТС2 35(10)/0,8кВ, НА ДЕЛ ОД КП 566/1, КО ДОЛАНИ, ОПШТИНА ШТИП со што постапката може да продолжи со понатамошно усвојување.

Градоначалник на
Општина Штип
Иван Јорданов

Scanned with CamScanner